ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница, на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2881/1 од 18.09.2026 година, со наводи за сомневање за нелегална сеча и продажба на дрвна маса поради што незаконски била пробиена и уредена траса низ планинскиот предел од с.---------- во правец кон ---------- ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на нејзино постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Предметот со број 12-2881/1 од 18.09.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 18.09.2026 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет број 12-2881/1 од 18.09.2026 година. Во доставената пријава изнесени се наводи за сомневање за сторена повреда на закон заради пробиена и уредена траса низ планинскиот предел од с.---------- во правец кон ---------- ---------- наменет за нелегална сеча и продажба на дрвна маса. Исто така, изнесени се сомневања за злоупотреба на службена положба и други коруптивни дејствија во повеќе државни институции надлежни за спроведување на редовна

контрола на исечена и продадена количина на дрвна маса. Подносителот известува дека долг временски период од страна на лица вработени во ------- - ---------- ---------, ЈП ---------- ---------- - подружница ---------- - Македонски ---------, Шумска ----------, ------ ----------, ЈП ---------- ---------- ---------- ---------- без претходно спроведен надзор било допуштена прекумерна сеча и продажба на дрвна маса од страна на правните субјекти -------- -------- - ------- ДООЕЛ с. ---------- ---------- Македонски ---------, ----- --------- ------- - -------- ДООЕЛ с. ---------- Македонски ---------- и правниот субјект -------- --------- - ---------- с. ----------. Поради тоа тој бара ДКСК да го преиспита случајот согласно нејзините законски надлежности.

По разгледување на доставената пријава ДКСК констатира дека предметните наводи и пријавените дејствија не се во нејзина надлежност на постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува па оттаму пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Врз основа на погоре наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Јашуль

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК